"ПАСТОРАЛЕН ОРФЕЈ" И "САКРАЛИКУМ"

# ДИМИТАР СТОЈЧЕВСКИ



"Пејзажно - Сакрално"

"PASTORAL ORPHEUS" and "SACRILICUM"

# DIMITAR STOJCEVSKI

СКОПСКО ЛЕТО 2010 SKOPJE SUMMER

ЛИРСКИ ЕКСПРЕСИИ

**Димитар Стојчевски** помина низ неколку творечки и стилски фази. Во дел од нив авторот остварил тематска и стилска кохерентност и препознатливост на сликарскиот израз. Тој е отворен за извесни предизвици од новите уметнички струења (нова фигурација, неоекспресионизам и др.) но останува доследен на својата природа и убедувања. Стојчевски, по осум години работа ја отвори втората самостојна изложба на која го претстави новиот циклус на слики од 1988 година наречен "Пасторален Орфеј". Неговите платна ќе бидат населени со нови мотиви, како што се црква и рид, потоа митолошки сцени и секако централниот лик на митскиот Орфеј. Светот на пасторални предели и на митолошки претстави добил во сликите на Стојчевски архаична , исконска нота. Станува збор за активирани слики на меморијата, за некои предели од сонот и имагинацијата. Сликата е исткаена од рафинирани колористички (комплементери) и хармонии од создадена линеарна и формална страна на делото. Цртежот – боја ја обележува формата, значењето на симболичната фигурација и апстрактно – асоцијативни содржини на сликата. Смирениот ритам на формите, енергијата вткаена во боената структура откриваат занес и топлина катактеристични за медитеранското поднебје. Таквите својства ќе не упатат на можните влијанија и сродности со некои историски имиња: станува збор за одделни аспекти на сликарството на К.Моне, набистот Рисел, О. Кокошка, М. Шагал, Ж. Дибифе, Уметноста на поп- артот итн.

Во 1994 година настанал циклусот, "Сакраликум" во кои се нагласува присуството на религиските и духовните содржини. Средишен мотив во сликите е манастирот "Св. Јоаким Осоговски" , кој се наоѓа во близина на градото Крива Паланка, родниот крај на уметникот. Стојчевски стремел, со обработката на овој познат манастирски комплекс со неговите карактеристични симболи да пронајде "нов духовен амалгам", да ги изрази сопствените потраги по "недофатливиот свет" на сакралните архетипови. Авторот, користејќи ги средствата и формите на сликарскиот модернизам како и на сопствената природа интуитивен карактер остварил спиритуални сликовни претстави. Корените на ова религиско доживување би требало да се побараат, меѓу другото, во раните искуства на уметникот. Во сликите на Стојчевски има видливи траги на сериозна интроспекција и пулсирање на некаков архаичен библиски звук со извесна емфаза на пораката. Ова сликарство во еден дел, не не остава рамнодушни и на свој начин – уверливо и чисто партиципира во обновата на современата уметност со религиски содржини, на сето ова би можело да се додаде: каде и да се наоѓа овој сликар некако постојано се наоѓа во себе сензибилно загледан во околината и светот.

*Извадок од предговорот од 2001 год., Музеј на Град Скопје , Др. Владимир Величковски.*

**Димитар Стојчевски** е роден 1940 година во Сисак, Р. Хрватска. Училиште за применета уметност – оддел за декоративно сликарство завршил во Скопје 1959, а Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1968, во класата на професор Недељко Гвозденовиќ.

Член е на ДЛУМ од 1969. Од 1969 година се наоѓа на Архитектонско – градежниот факултет во Скопје каде 1974 е избран за постојан асистент по предметот слободно цртање и акварел. На ова место работи од 1984 , а во 1987 заедно со други ентузијасти ја формира ликовната колонија "Свети Јоаким Осоговски" во Крива Паланка. Студиски патувања: Италија, Франција, Бугарија, Русија, Грција, САД...

Неговите дела се наоѓаат во приватни збирки и колекции во Македонија, Грција, Германија, Шпанија, Англија и Америка.

Адреса: Ѓуро Ѓаковиќ бр. 23, 1000 Скопје Р. Македонија


1
2
3
4

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

**1979/80** Скопје, Центар за култура и информации
**1980** Куманово, Уметничка галерија
**1986** Крива Паланка, Дома на културата "8-ми Октомври"
**1988** Скопје, Центар за култура и информации
**1991** Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ
**1994** Струмица, Уметничка галерија
**1995** Гевгелија, Ликовен салон
**2001** Скопје, Јубилејна изложба, Музеј на град Скопје

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Белград, Скопје, Ријека, Париз, Софија, Вилмингтон, Пловдив, Цетиње, Задар, Бања Лука…

## НАГРАДИ

**1977** Награда за сликарство од Авторската агенција на СРМ на изложбата на ДЛУМ Откупна награда на ДЛУМ за цртеж
**1978** Откупна награда за изложбата "Современи македонски уметници", Дом на култура Бања Лука, II Откупна награда на изложбата "Македонски пејсаж", Скопје
**1982** Награда на Домот на културата "8-ми Октомври", Крива Паланка
**1983** Откупна награда на ДЛУМ за цртеж, Скопје
**1993** Награда "Нерешки мајстори" за сликарство на ДЛУМ, Уметничка галерија Скопје.

1 "Библиски свирачи"
2 "Имагинарен ктитор"
3 "Ангел во сина купола"
4 "Архислов"

## LYRICAL EXPRESSIONS

**Dimitar Stojchevski** has been through several creative and stylistic phases. The author has managed to create a thematic and stylistic cohesion and recognisability of his artistic expression in some of them. He is open to the challenges of the new artistic trends (new figuration, neo-expressionism and similar things) but he remains consistent to his nature and believes. Stojchevski opened his second individual exhibition at which he presented his new cycle of paintings under the title "Pastoral Orpheus" after eight years of work in 1988. His canvasses are covered in new motifs such as the church and the hill, the mythological scenes and the principal figure of the mythological Orpheus. The world of pastoral landscapes and mythological scenes has gained an archaic and primordial note in Stojchevski's paintings. As a matter of fact, there are presented triggered memory pictures, and some parts of the dream and the imagination. The painting is woven with refined colours and harmonies of the created linear and formal side of the piece of art. The drawing - a colour determines a form, the meaning of the symbolic figuration and the abstract - the associative contents of the painting. The calm rhythm of the forms and the energy woven into the coloured structure reveal enthusiasm and warmth typical of the Mediterranean climate. These characteristics lead to the probable influences and similarities to some historical figures which as a matter of fact refers to some particular elements of the works of art by C. Monet, O. Kokoshka, M. Chagall, J. Dubuffet, the Pop art movement and more.

The Sakralium cycle, in which the presence of religious and spiritual themes is pointed out, was created in 1994. The central motif in the paintings is the St Joakim Osogovski monastery which is located near the Kriva Palanka town, the birth place of the artist. By working on this famous monastery and by using its specific symbols, Stojchevski tended to find a new spiritual amalgam and to express his own pursuits of the untouchable world of the sacral archetypes. The author created spiritual and pictorial images by using the means and the forms of the modernist painting, and his own nature and intuitive character. The roots of this religious experience shoud be seeked in the artist's early experiences. In his paintings there are traces of some serious introspectiveness and a puls of an archaic biblical sound with a certain emphasis on the message. This art in one piece does not leave us indifferent and in its own way persuasively and clearly participates in the revival of the moder art with religious themes. What is more, wherever this artist may be, it seems that he is always within himself staring sensitively at the surrounding and the world.

*An extract from the preface from 2001, the Museum of Skopje City, Dr. Vladimir Velishkovski*

**Dimitar Stojchevski** was born in 1940 in Sisak, Croatia. He finished seconadary school in 1959 at the Secondary School of Applied artis in Skopje at the Department of Painting. He graduated from the Academy of Fine Arts in Belgrade in 1968 in the class of Professor Nedeljko Gvozdenovich.

He has been a member of DLUM (the Association of Artists in Macedonia) since 1969. Since 1969, he has worked at the the Faculty of Civil Engineering in Skopje where he was appointed a regular assistant for the Drawing and Watercolours subject. He took this post in 1984, while in 1987 he founded the *St. Joakim Osogovski* art colony with several other enthusiasts in Kriva Palanka. Student travels: Italy, France, Bulgaria, Russia, Greece, the USA.

His works of art are a part of some private collections in Macedonia, Greece, Germany, Spain, England and America.

## INDIVIDUAL EXHIBITIONS

**1979/80** Skopje, the Centre of culture and inforamtion
**1980** Kumanovo, the Art Gallery
**1986** Kriva Palanka, the *8th October* home of culture
**1988** Skopje, the Centre of culture and inforamtion
**1991** Skopje, the art hall at DLUM
**1994** Strumica, the Art Gallery
**1995**Gevgelija, the Art Hall
**2001** Skopje, jubilee exhibition , the Museum of Skopje Cty

## GROUP EXHIBITIONS

Belgrad, Skopje, Rijeka, Paris, Sofia, Vilmington, Plovdiv, Cetinje, Zadar, Banja Luka...

## AWARDS

**1977** an award for painting by the Authors' Agency of SRM at the DLUM's exhibition - a purchase award for a drawing
**1978** a purchase award at the *Modern Macedonian Artsists* exhibition, the Home of Culture in Banja Luka, II Purchase Award at the *Macedonian Landscape* in Skopje
**1982** an award by the *8th October* Home of Culture , Kriva Palanka
**1983** a purchase award by DLUM foa a drawing, Skopje
**1993** the *Nerechki Majstori* award for painting by DLUM, Art Gallery in Skopje



"Реминисценција"



"Хорнискињи"

Издавач:Дирекција за култура и уметност – Скопје
СКОПСКО ЛЕТО 2010
За издавачот: Никола Глигоров
Организација:Ната Кецкаровска
Превод на англиски: Марија Василевска
Дизајн: Горан Јованов

Publisher:Directorate of Culture and Arts – Skopje
SKOPJE SUMMER 2010
For the publisher: Nikola Gligorov
Organizacion:Nata Keckarovska
Translation: Marija Vasilevska
Design: Goran Jovanov

Град Скопје

Министерство за култура

Спонзорирано од

Дирекција за култура и уметност - Скопје
Directorate of Culture and Arts - Skopje
Тел: 3238 372, 3222 341, 3165 064
E – mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk